UNIVERSITETI I EVROPËS JUGLINDORE
УНИВЕРЗИТЕТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА
SOUTH EAST EUROPEAN UNIVERSITY

| | |
|---|---|
| **Study program** | **Медиуми и комуникација (2022/2023)** |
| Факултет | Јазици, култури и комуникација |
| Циклус на студии | Трет циклус (докторски) |
| ЕКТС | 180 |
| Код | PhD-MC |
| Титула | Доктор на науки по медиуми и комункиација |
| Архивски број на акредитација [180] | 03-1778/1 |
| Датум на акредитација | 10.06.2022 |

## Опис на програмата

Студиската програма од трет циклус по медиуми и комуникација понудена од Одделот за Комуникациски науки на Факултетот за јазици, култури и комуникација при УЈИЕ е една од трите посебни патеки за истражување и практика на медиумите и комуникацијата. Во голема мера црпејќи се од современата културна и критичка теорија, докторските студии по медиуми и комуникација се фокусирани на интеракции меѓу главните компоненти на современата комуникација - медиумски институции, нивна содржина и препораки, како и нивната публика или јавност - посебно како процес со кој се генерира културното значење. Студиската програма од трет циклус го испитува тој процес на интердисциплинарна основа преку социјални, економски, политички, историски, правни, регулаторни и меѓународни перспективи, со силен акцент на прашања што вклучуваат нова комуникациска технологија и политика. Дипломираните студенти ќе работат во средина што е посветена на критичка педагогија, интелектуален и креативен ангажман со компаративен осврт на традиционалните форми на интелектуално испитување и другите подеднакво длабоки модели и мапи на патиштата за потрага по знаење.

Студиската програма од трет циклус има за цел да им овозможи на студентите компетенции и алатки потребни за развој на истражувачки проекти кои вклучуваат највисоки научни стандарди и напредни нивоа на етичко значење. Покрај совладувањето на различните теоретски трендови и методолошки алатки, студентите на докторски, исто така ги продлабочуваат своите капацитети за анализа и критичко толкување на различните комуникациски појави. Наставната програма е дизајнирана да ги задоволи сегашните и идните потреби на пазарот на трудот во одредени полиња на сферата на медиумите и комуникација, во креирање на политиките на национално и на меѓународно ниво и корпоративниот развој на полето на медиумите, дигитална и интерактивна комуникација, интернет-компании, развој на портали, новинарство, корпоративна и организациска комуникација и односи со јавноста, итн. Студиската програма е усогласена со современите светски и европски трендови и е споредлива со сличните програми на странските високообразовни институции, особено во рамките на европскиот високообразовен простор. Студиската програма на студентите им нуди најнови применети научни и стручни знаења од областа на медиумите и комуникацијата и усогласеност со најмалку три акредитирани програми на странски високообразовни установи.

## Кариера

Дипломираните студенти од оваа докторска студиска програма се подготвени за академски кариери на универзитети и за вработување како медиумски аналитичари во применети истражувања, како и за високи позиции во областа на

политиката и комуникациите во владините и во непрофитните сектори.

## Резултати од учењето

### Знаење и разбирање

Стекнување знаење и разбирање на комуникацискиот процес воопшто и поседување продлабочени знаења за главните теории и пристапи од медиумите и комуникацијата.

Стекнување напредни познавања за: медиумите и комуникацијата, видовите комуникациски кампањи и стратегии за односи со медиуми.

Развивање аналитичко и критично мислење за медиумите и комуникацијата и за нивните стратегии и тактики.

Оригиналност во применување на самостојни идеи за создавање комуникациска порака во медиумите и комуникацијата како и компетентно пишување и зборување во медиуми.

Стекнување напредно практично искуство за медиумите и комуникацијата.

### Примена на знаењето и разбирањето

Да посредуваат во разрешувањето на конфликтите меѓу две или повеќе страни.

Да планираат управување со проекти (изготвување на научни истражувања, организација на имплементација на истражувања, навремено откривање на потенцијални проблеми, утврдување на потребни средства, управување со истражувачки тим).

Да применуваат статистички пакети заради спроведување статистичка анализа на податоците (можност за извлекување заклучоци врз основа на квалитативни и квантитативни податоци)

Да применуваат научни методи (научни методологии) на истражување во независна истражувачка работа.

Да дизајнираат и спроведуваат нови теоретски парадигми засновани на научни достигнувања во обласата на истражувањето.

Да ги применуваат академските вештини за пишување и известување (вештини за зборување и слушање, можност за презентирање на податоци и наоѓање пред нестручна публика)

Да ги применуваат знаењата  засновани на современите трендови во размислувањето на информатичките и комуникациските науки.

### Способност за проценка

Способност за процена и за избор на стратегии во медиумите и комуникацијата и поконкретно способност за процена и за избор на каналите и моделите за комуницирање.

Право на избор на формите на медиумите и комуникацијата, работата и вреднување на најсоодветните нови медиуми за одредена комуникациска порака при процесот на  комуницирање.

Одлуки за селекција на аргументите и фактите за ефективна комуникациска порака во медиумите и комуникацијата.

Идентификација на силните и на слабите страни во менаџирањето на одредени комуникациски стратегии во медиумите и комуникацијата.

Способност да се вклучуваат на професионално ниво во медиумски и јавни дебати и да ги аргументираат своите ставови, поткрепени со факти, за теми поврзани со комуникациите, новите медиуми,  креирањето на јавното мислење итн.

Критичко собирање информации (пребарување литература, критичко читање и откривање на пристрасност, вештини за интервјуирање).

**Комуникациски вештини**

Да планираат, да спроведуваат и да вреднуваат презентации на нови идеи, концепти и стратегии од областа на медиумите и комуникацијата.

Да составуваат агенда за комуницирање на пораки, идеи и на одлуки на институциите и организациите во практикувањето на медиумите и  комуникацијата.

Да даваат јасна и кохерентна професионална презентација за некоја тема или задача поврзана со медиумите и комуникацијата употребувајќи референтни примери и решенија.

Да користат напредни извори за понатамошно усовршување и за имплементација на стекнатите знаења.

Професионално и елоквентно медиумски да се изразуваат, како и да стекнат вештини за јавно говорење за прашања и теми поврзани со општеството и масовната  комуникација.

Да креираат стратегии за комуницирање со јавноста и да применуваат соодветни тактики и алатки за реализација на комуникациски стратегии и планови.

**Вештини на учење**

Да поседуваат професионална/експертска способност за истражувања во областа на медиумите и комуникацијата, потпомогнати од напредокот на информатичката технологија.

Да прават анализи од областа на медиумите и комуникацијата во теоретска и во методолошка смисла и да користат научна литература и преглед од други автори.

Да ги продлабочуваат теоретските знаења преку проблематизирање на разновидни комуникациски ситуации во медиумите и комуникацијата.

Да формулираат истражувачко прашање и да изработуваат прашалници како и други научни методи при научни истражувања од областа на медиумите и комуникацијата.

Да преземаат иницијативи и одговорност за креирање глобални комуникациски политики во институциите.

## Листа на предмети

### Семестар 1

- [C2347] [10.0 ЕКТС] **Методологија на истражување**
- [C2215] [10.0 ЕКТС] **Теорија за комуникација и медиуми**
- [C2348] [10.0 ЕКТС] **Пишување на докторската дисертација**

### Семестар 2

- [DLCC0104] [10.0 ЕКТС] **Прифаќање и одобрување на планот за докторската дисертација**
- [10.0 ЕКТС] **Изборен предмет**
- [10.0 ЕКТС] **Изборен предмет**

### Семестар 3

- [PHD-S3-S4-01] [40.0 ЕКТС] **Научно-истражувачка работа**

### Семестар 4

- [PHD-S3-S4-02] [15.0 ЕКТС] **Публикации I**
- [C2019] [5.0 ЕКТС] **Студентска мобилност**

### Семестар 5

- [DLCC0105] [20.0 ЕКТС] **Презентација на резултатите од истражувањето**
- [PHD-S5-01] [10.0 ЕКТС] **Публикации II**

### Семестар 6

- [C2299] [30.0 ЕКТС] **Докторска дисертација**

## Description of courses

### Задолжителни предмети

- **Методологија на истражување**
  Целта на овој предмет е да се објаснат методологиите и техниките на научна работа, кои на студентите им создаваат многу тешкотии. Практичните вежби ќе им помогнат во тоа како треба де се однесуваат во библиотека, како да напишат писмена работа, реферати, семинарска работа или слично. Во рамките на овој предмет ќе бидат опфатени следниве теми: определување тема, библиографија, правила за цитирање, научни шифри, организирање на работата итн.

- **Теорија за комуникација и медиуми**
  Цели на предметот: Добивање на специјалистички сознанија за теоријата на комуникација и медиумите.

- **Пишување на докторската дисертација**
  Преку овој предмет студентите се оспособуваат да извршуваат самостојно научно истражување, односно да го пишуваат докторскиот труд. Преку предметот студентите ќе ги стекнат потребното знаење, способност и доверба за успешно истражување. Поради тоа, има повеќе соработка и дискусии отколку кај предметите кои се базирани на предавања. Од студентите се очекува да учествуваат активно во дискусиите.

- **Прифаќање и одобрување на планот за докторската дисертација**
  По првиот семестар, студентот ги започнува активностите за составување на својот план за докторската дисертација. Активностите вклучуваат одредување на литературата, составување хипотетичка рамка, дефинирање методологија за работа и определување индивидуален план како и прва јавна презентација.

- **Научно-истражувачка работа**
  Во втората година (3 и 4 семестар) кандидатот продолжува со научно-истражувачката дејност според одобрениот индивидуален план. Менторот дава процена во врска со овие активности во форма на извештај до Наставно-научниот совет на Факултетот.

- **Публикации I**
  Публикација (издавање) на истражувачките активности според табелата на релевантност на медиумот за публикација. Издавачките активности и успеси на кандидатот се проверуваат пред научниот аудиториум според областа и релевантноста на истражувањето.

- **Студентска мобилност**
  Целта на мобилноста на докторантите е да ја презентираат, разменат и дискутираат својата истражувачката работа со колеги од другите европски земји за подобрување на квалитетот на нивната дисертација.

- **Презентација на резултатите од истражувањето**
  На крајот од петтиот семестар, по истражувачките активности според индивидуалниот план, вкупните резултати од оваа фаза на трудот и од истражувањето кандидатот ќе ги презентира јавно.

- **Публикации II**
  Публикација (издавање) на истражувачките активности според табелата на релевантност на медиумот за публикација. Издавачките активности и успеси на кандидатот се проверуваат пред научниот аудиториум според областа и релевантноста на истражувањето.

- **Докторска дисертација**
  Продолжување на работата на докторската дисертација. Се предава тезата (дисертацијата), се прифаќа од Наставно-научниот на Факултетот, се предава на членовите на комисијата и започнува процедурата за одбрана.

## Изборни предмети

- **Компаративни медиумски системи**
  Предметот има за цел да се објасни повеќезначноста на медиумските системи при што студентите ќе можат да ги анализираат и критички да размислуваат за концептите и моделите, за европските и глобалните медиумски перспективи, да го определуваат политичкиот контекст на медиумските системи од аспект на општествената условеност на модернизмот и постмодернизмот, како и да истражуваат и споредуваат конкретни медиуми во Европа и во светот според медиумскиот плурализам на содржините, хомогенизацијата на темите, импулсивноста на интересите на граѓаните, влијанието во развојот на културните вредности и демократизацијата на општествени заедници.

- **Масовна комуникација и општество**
  Предметот ќе се фокусира на односот на процесите на масовна комуникација и ефектите врз поединецот и општеството; влијанието на медиумските пораки врз знаењето, ставовите и однесувањето. Ќе се испитуваат социјалните, економските, политичките и културните промени низ целиот свет од перспектива на теоријата и практиката на масовна комуникација. Обезбедува разбирање на историските и меѓукултурните/меѓународните аспекти на различни прашања од перспектива на масовна комуникација. Акцентот се става и на фасцинантните нови форми на политика, економијата и креативните претпријатија кои предизвикуваат многу основни претпоставки за човечката комуникација и идентитет. Преку овој предмет студентите ќе го развијат нивното разбирање за брзо менливото и динамично медиумско поле. Предметот ги балансира теоретските согледувања со практичните аспекти на масивните медиуми и масовната комуникација. Студентите ќе развијат напредни вештини со критичката анализа на медиумските текстови, публика и институции. Тие ќе се фокусираат на комуникација помеѓу поединци, групи, организации, човештвото и природата и медиумите во развој преку кои се одвива комуникацијата.

- **Напредни студии во нови медиуми и општество**
  Преку овој напреден предмет се истражува улогата на новите медиуми во обликувањето и трансформирањето на општеството. Се истражува продуцентската улога на медиумската публика, и тоа како граѓанското новинарство и дигиталната култура ги менуваат воспоставените норми и практики, како социјалните медиуми и современата продукција влијаат врз политиката и бизнисот и како технологијата е поврзана со моќта и општествените промени. Преку овој предмет студентите ќе стекнат темелно разбирање на тековните трансформации овозможувајќи аналитички вештини за истражување на новите медиуми во контекст на социјални, политички и економски промени. Прашуваме како е обликувана онлајн комуникацијата од корисниците, државите и деловните субјекти и како нашето општество е погодено од новите дигитални медиуми. Навистина, она што го гледаме, слушаме, читаме и доживуваме во голема мера е производ на нашето општество и нејзината посебна политичка, економска, материјална и културна конфигурација. Овој однос, исто така, го обликува нашето разбирање за себе, за нашето општество и за светот околу нас. Сепак, нашата медиумска култура доживува длабока серија трансформации - бидејќи на интернет се појавуваат нови технологии, нови форми на забава, нови места за политичка дебата и нови модели на учество. Во рамките на овој предмет ќе се испитува како се менува социјалниот, политичко-економскиот и културниот пејзаж во однос на дигиталните медиуми и на информатичките технологии. Ќе развиеме критични ресурси за подобро разбирање на историјата на овие технологии и новите комуникациски форми; економијата и политиката зад нив; социокултурните моменти од кои произлегле; и промените што ги предизвикаа. Откако ќе ги добијат овие податоци, ќе се поставуваат потемелни прашања за нивното влијание врз општеството.

- **Стратешко пишување и односи со медиумите**
  Студентите ќе можат да ги применат техниките и стиловите на пишување во односите со медиумите, да направат стратегија во организирањето на комуникациската порака за специјални намени, да применат техники во истражување на целните групи, како што се интервју и анкетен прашалник како и да применат специјални вештини во писмено изразување за медиумска презентација, промоција, развивање на брендот на компанијата и за промена на општествените норми и вредности. Студентите, исто така, ќе можат да ги анализираат, класифицираат и споредуваат ефектите од стратешкото пишување и односите со медиумите од конкретни институции, организации и здруженија.

- **Новинарство и дигитални комуникации**
  Новинарството е важно, возбудливо и динамично поле. Ни кажува за себе. Платформите преку кои ги раскажуваме нашите приказни еволуираат. Помагаме да се развијат практични вештини и вештини за критичко размислување кај студентите во реалниот свет, така што нивното новинарство ќе биде информирано со балансирано чувство за правда, точност и животно искуство. Овој предмет ги комбинира традиционалните медиумски студии со новите практики што се појавуваат во 21 век. Овој предмет опфаќа огромен спектар на традиционални и нови комуникативни и креативни практики низ уметностите, науките, хуманистичките науки, бизнисот и индустријата - истражувајќи како полето се обликува и менува со технолошкиот напредок и дигиталните комуникации. Овој интердисциплинарен пристап дава темелна основа за медиумите и комуникациите - како академско поле, културен пејзаж и мрежа од комплексни индустрии. Испитувајќи ги клучните теории, студентите ќе откријат како медиумите и комуникациите влијаат врз луѓето и општествата низ целиот свет - развивајќи критичко разбирање за создавањето и потрошувачката на медиумите.

- **Процеси и ефекти на посредуваната комуникација**
  Цели на предметот: Специјалистички сознанија за посредништвото во општествените науки.

- **Студија за комуникација: комуникација и култура**
  Врз основа на теоретските поставки и практичната анализа околу комуниколошко-културните феномени, студентите ќе бидат оспособени да направат истражувачки труд - студија на случај од одделни аспекти на меѓусебно влијание на комуникацијата и културата. Целта на предметот е да се применат формите на комуникациско изразување преку облиците на изразување на културата кај индивидуата, групите, организациите и масовната публика. Студентите ќе ги анализираат меѓукултурните разлики во вербалната и невербалната комуникација и културата на комуникацијата во конкретни професионални средини.

- **Јавен говор: Говор и критика во демократско општество**
  По завршувањето на овој предмет, студентите ќе се стекнат со напредни знаења и вештини за истражување за процесот на комуникација, етичките одговорности на јавниот говорник во едно демократско општество, како и за различните модели на информативни и убедливи говори и сето тоа од критички аспект. Истовремено, студентите ќе истражуваат кои се најдобрите модели за подготовка и доставување на различни видови на говори, анализа на публиката, истражување на говорни теми, подготовка на говори, итн. По завршувањето на предметот студентите ќе бидат во можност да размислуваат критички преку конструктивна само-критика и критика за говорите на другите во демократскиот процес во едно мултиетничко општество.